4. Приоритет при отстранување на дефекти со цел што е можно побрзо да се воспостави испораката на енергија кај оние ранливи потрошувачи на енергија кои го добиле статусот на ранлив потрошувач на енергија поради социјален ризик.

5. Приоритет во одлучувањето по барањата за надоместок на штета поради прекини во испораката и испорака на енергија со послаб квалитет од пропишаниот.

6. Приоритет во преземање на мерки за поправки и отстранување на недостатоци, отстранување на дефекти и вршење на ремонти со кои се доведуваат во технички исправна состојба делови од дистрибутивниот систем на кој се приклучени потрошувачите во оддалечени подрачја.

7. Информирање на ранливите потрошувачи за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.

(2) Кон барањето за користење на една од мерките од став (1) на овој член ранливиот потрошувач на енергија до операторот на соодветниот дистрибутивен систем доставува потврда или решение издадено од центарот за социјални работи дека е корисник на парично право на гарантирана минимална помош или социјална сигурност за старите лица.

Член 7

(1) Заради обезбедување на снабдување со енергија на ранливите потрошувачи од член 2 став (2) точка 1 од оваа програма од страна на снабдувачот со обврска за обезбедување на јавна услуга, односно универзална услуга во снабдувањето со енергија, во согласност со правилата за снабдување со соодветен вид на енергија се преземаат следните мерки:

1. неисклучување на ранлив потрошувач поради неплатени сметки за испорачана енергија во месеците декември, јануари и февруари, при што оваа мерка не се однесува на домаќинства во оддалечени подрачја запишани во евиденцијата за ранливи потрошувачи на енергија.

2. неисклучување на ранлив потрошувач на енергија поради неплатена сметка за испорачана енергија ако од рокот за доспеаност за плаќање на сметката не се поминати повеќе од 60 дена.

3. известување во писмена форма за планираното исклучување, најдоцна 40 дена пред исклучувањето.

4. можност за одложено плаќање на доспеаниот долг или реструктуирање на долгот.

5. информирање на ранливите потрошувачи на енергија за нивното право да побараат користење на една или повеќе од мерките за заштита.

(2) За користење на една од мерките од став (1) на овој член, ранливиот потрошувач на енергија доставува барање до снабдувачот. Кон барањето се доставува:

1. потврда или решение дека лицето користи парично право на гарантирана минимална помош или социјална сигурност за старите лица.

2. платена сметка за енергија за месецот што му претходи на месецот во кој се доставува барањето која гласи на име на ранливиот потрошувач или член на неговото домаќинство, од којашто може да се утврди дека барателот е приклучен на мрежата за дистрибуција на електрична енергија, природен гас или топлинска енергија.

Член 8

Надлежни органи за спроведување на оваа програма се:

- Министерството за труд и социјална политика за мерките од член 3 од оваа програма согласно Законот за социјалната заштита.

- Министерството за економија за мерките од член 4 од оваа програма.

- Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги за мерките од членовите 6 и 7 од оваа програма согласно Правилата за снабдување со соодветниот тип на енергија.

Член 9

(1) За спроведување на оваа програма, дел од средствата во износ од 60.000.000,00 денари се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година, Раздел 10001-Министерство за економија, потпрограма 32–Развој на енергетиката, ставка 464–Разни трансфери, наменети за финансиска поддршка за потрошувачи на енергија со ниски примања.

(2) Дел од планираните средства се обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година Раздел 15001 Министерство за труд и социјална политика, потпрограма 50-Надоместоци за социјална заштита, ставка 471- Социјални надоместоци во Програмата за остварување на социјална заштита за 2024 година, кои се планирани за остварување на социјални надоместоци-гарантирана минимална помош и парична помош за социјална сигурност за старите лица.

(3) Дел од средствата од ставот (1) на овој член во износ од 15.000.000, 00 денари се исплаќаат за заостанатите обврски од Програмата за ранливи потрошувачи на енергија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.291/22).

Член 10

Министерството за економија до 31 јануари 2025 година, доставува извештај до Владата на Република Северна Македонија со показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложение за евентуални отстапувања од планираните активности.

Член 11

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41 -801/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.

---

**490.**

Врз основа на член 9 став (1) од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија“ бр.146/09, 53/11, 149/15, 39/16, 132/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.150/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 16 јануари 2024 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ОРГАНСКОТО ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО ЗА 2024 ГОДИНА**

I

Средствата за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2024 година во вкупен износ од 104.000.000,00 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.283/23), раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст Агенција), програма 2, потпрограма 20, ставка 464-разни трансфери ќе се користат според следните мерки и тоа за:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска поддршка за органско растително производство | 1.000,00 |
| 2. | Финансиска поддршка за органско сточарско производство | 1.000,00 |
| 3. | Директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред | 1.000,00 |
| 4. | Финансиска поддршка за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло) | 1.000,00 |
| 5. | Финансиска поддршка за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло | 1.000,00 |
| 6. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација | 1.000,00 |
| 7. | Финансиска поддршка за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства | 1.000,00 |
| 8. | Заостанати обврски од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година и Програмите за финансиска поддршка во органското земјоделско производство за 2022 и 2023 година | 103.993.000,00 |
| | Вкупно | 104.000.000,00 |

II

(1) Средствата од Дел I мерка 1 Финансиска поддршка за органско растително производство од оваа програма наменети за финансиска поддршка во органското растително производство во вкупен износ од 1.000,00 денари ќе се користат за реализација на следните подмерки, согласно поблиските критериуми од Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година (во натамошниот текст: Уредбата).

| Бр. на под мерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 1.1. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите органски и во преод поледелски култури, лековити, ароматични и зачински растенија |
| 1.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за употреба на сертифициран семенски материјал, освен за тутун како и за употреба на сертифициран или несертифициран семенски материјал за ориз |
| 1.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за остварено органско и во преод производство на пченица, јачмен, сончоглед, маслодајна репка и афионова чушка |
| 1.4. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за органско и во преод градинарско производство на отворено и во пластеници |
| 1.5. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за остварено органско и во преод производство од домат, пиперка, краставица, корнишон, зелка, грав и компир на отворено и во пластеници |
| 1.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на органски и во преод домати, пиперки и краставица |
| 1.7. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за органски и во преод градинарски култури предадени во преработувачки капацитети |
| 1.8. | Директни плаќања по обработлива органска и во преод земјоделска површина за одржување на постоечки овошни насади |
| 1.9. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. за остварено органско и во преод производство на овошје |
| 1.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.8. за органско и во преод овошје предадено во преработувачки капацитети |
| 1.11. | Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки органски и во преод лозови насади |
| 1.12. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.11. за остварено производство на органско и во преод грозје |
| 1.13. | Директни плаќања за производство на домашен органски и во преод лозов и овошен саден материјал |

(2) Корисници на средства од подмерка 1.1. од оваа програма се земјоде¬лските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.1. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 3.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерката 1.1. алинеја 4 од Уредбата.

(3) Корисници на средствата од подмерка 1.2. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерката 1.2. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 2.100 денари по хектар во однос на утврдената висина за дополнителните директни плаќања од подмерка 1.2. алинеја 2 од Уредбата. Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 1.350 денари по хектар во однос на утврдената висина за дополнителните директни плаќања од подмерка 1.2. алинеја 3 од Уредбата. Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 3.600 денари по хектар и 5.700 денари по хектар во однос на утврдената висина за дополнителните директните плаќања од подмерка 1.2. алинеја 4 од Уредбата.

(4) Корисници на средствата од подмерка 1.3. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.3. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 3.000 денари по хектар за засеана површина од пченица, јачмен, сончоглед и маслодајна репка а за афионова чушка се зголемува за 9.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерка 1.3. алинеја 6 од Уредбата.

(5) Корисници на средствата од подмерка 1.4. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 1.4 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 10.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерка 1.4. алинеја 3 од Уредбата.

(6) Корисници на средствата од подмерка 1.5. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.5. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 20.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за дополнителните директни плаќања од подмерката 1.5. алинеја 2 од Уредбата.

(7) Корисници на средствата од подмерка 1.6. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.6. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 120.000 денари по хектар во однос на утврдената висина за дополнителните директни плаќања од подмерка 1.6. алинеја 2 од Уредбата.

(8) Корисници на средствата од подмерка 1.7. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.7. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 3,00 денари по килограм за сите градинарски култури освен за пиперката од сорта куртовска капија каде висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 5,00 денари по килограм во однос на утврдената висина за директните плаќања од подмерка 1.7. алинеја 2 од Уредбата.

(9) Корисници на средствата од подмерка 1.8. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.8. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 8.400 денари по хектар во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерка 1.8. алинеја 3 од Уредбата.

(10) Корисници на средствата од подмерка 1.9. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.9. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 21.000 денари по хектар во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 1.9. алинеја 2 од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 17.500 денари по хектар во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 1.9. алинеја 3 од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 15.400 денари по хектар во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 1.9. алинеја 4 од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 9.100 денари по хектар во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 1.9. алинеја 5 од Уредбата.

(11) Корисници на средствата од подмерка 1.10. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.10. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 2,1 денар по килограм во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 1.10. алинеја 3 од Уредбата.

(12) Корисници на средствата од подмерка 1.11. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.11. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 8.400 денари по хектар во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерката 1.11. алинеја 3 од Уредбата.

(13) Корисници на средствата од подмерка 1.12. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерката 1.12. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 19.600 денари по хектар во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 1.12. алинеја 2 од Уредбата.

(14) Корисници на средствата од подмерка 1.13. од оваа програма се правни лица кои се корисници на средства од подмерката 1.13. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 9,0 денари по лозов садник и 10,5 денари по овошен садник во однос на утврдената висина на директните плаќања во подмерката 1.13. алинеја 3 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 10,5 денари по лозов садник и 12,0 денари по овошен садник во однос на утврдената висина на директните плаќања во подмерката 1.13. алинеја 4 од Уредбата.

III

(1) Средствата од Дел I мерка 2 Финансиска поддршка за органско сточарско производство од оваа програма наменети за директни плаќања за сточарско органско производство во износ од 1.000.,00 денари ќе се користат според следните подмерки, согласно поблиските критериуми од Уредбата:

| Бр. на подмерка | Име на подмерката |
|---|---|
| 2.1. | Директни плаќања за обележани органски женски грла говеда постари од 12 месеци |
| 2.2. | Дополнителни директни плаќања од подмерки 2.1., 2.4. и 2.5. за обележани женски грла говеда постари од 12 месеци |
| 2.3. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на органско и во преод говедско месо |
| 2.4. | Директни плаќања за произведено и предадено органско и во преод кравјо, овчо и козјо млеко |
| 2.5. | Директни плаќања за одгледани или заклани грла органски и во преод говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.6. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.5. за одгледани или заклани грла органски и во преод говеда во регистриран кланичен капацитет |
| 2.7. | Директни плаќања за обележани грла органски и во преод овци постари од 12 месеци |
| 2.8. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7. за обележани грла органски и во преод овци постари од 12 месеци |
| 2.9. | Директни плаќања за обележани грла органски и во преод кози постари од 12 месеци |
| 2.10. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7. и 2.9. за предадено органско и во преод јагне и/или јаре во регистриран кланичен капацитет |
| 2.11. | Директни плаќања за одгледани и продадени или заклани органски и во преод бројлери во регистрирани кланични капацитети |
| 2.12. | Директни плаќања за амортизирани органски и во преод несилки заклани во регистрирани кланични капацитети |
| 2.13. | Директни плаќања за регистрирано презимено органско и во преод пчелно семејство |
| 2.14. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.13. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици |

(2) Корисници на средства од подмерка 2.1. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници и ги исполнуваат условите од подмерката 2.1. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 2.000 денари по грло во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерка 2.1. алинеја 2 од Уредбата.

(3) Корисници на средства од подмерка 2.2. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерка 2.1. од оваа програма, и сопственото производство на млеко го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко како корисници на подмерката 2.4. од оваа Програма или е користено за сопствени потреби или продале или заклале говеда во преработувачки капацитет запишан во регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло како корисници на подмерката 2.5. на оваа програма.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 4.000 денари по грло во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 2.2. алинеја 3 од Уредбата.

(4) Корисници на средства од подмерка 2.3. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерка 2.1. од оваа програма и воедно не се корисници на дирекните плаќања на подмерката 2.4. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 750 денари по грло во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерка 2.3. алинеја 2 од Уредбата.

(5) Корисници на средства од подмерка 2.4. од оваа програма се земјоделските стопанства – производители на органско кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство го имаат предадено на регистриран органски откупувач на сурово млеко, и за произведеното млеко за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи за период од октомври 2023 година до декември 2024 година.

Висината на директните плаќања се зголемува за 2,5 денари по литар во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерка 2.4. алинеја 4 од Уредбата.

Висината на дирекните плаќања се зголемува за 3 денари по литар во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерка 2.4. алинеја 5 од Уредбата.

(6) Корисници на средства од подмерка 2.5. од оваа програма се земјоделските стопанства кои ги исполнуваат условите и се корисници на средства од подмерката 2.5. од уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 750 денари по грло во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерка 2.5. алинеја 2 од Уредбата.

(7) Корисници на средства од подмерка 2.6 од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници од подмерка 2.5. на оваа програма и ги исполнуваат условите од подмерка 2.6. од уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 2.000 денари по продадено или заклано грло говедо и 1.500 денари во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерка 2.6. алинеја 2 од Уредбата.

(8) Корисници на средства од подмерка 2.7. од оваа програма се земјоделски стопанства кои се корисници на средства од подмерка 2.8. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 300 денари по грло во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерката 2.8. алинеја 2 од Уредбата.

(9) Корисници на средства од подмерка 2.8. од оваа програма се земјоделски стопанства кои се корисници на подмерките 2.7. и 2.10. од оваа програма и се корисници на подмерката 2.9. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 700 денари по грло во однос на утврдената висина на директните плаќања во подмерката 2.9. алинеја 3 од Уредбата.

(10) Корисници на средства од подмерка 2.9. од оваа програма се земјоделски стопанства кои се корисници на средства од подмерка 2.10 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 1.000 денари по грло во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерката 2.10. алинеја 2 од Уредбата.

(11) Корисници на средства од подмерка 2.10. од оваа програма се земјоделските стопанства одгледувачи на овци и кози и се корисници од подмерките 2.7. и 2.9 на оваа програма и се корисници на подмерка 2.11. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 500 денари по грло во однос на утврдената висина на дополнителните директни плаќања од подмерката 2.11. алинеја 2 од Уредбата.

(12) Корисници на средства од подмерка 2.11. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерката 2.14 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 20 денари по несилка во однос на утврдената висина на директните плаќања во подмерката 2.14. алинеја 2 од Уредбата.

(13) Корисници на средства од подмерка 2.12. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на средтсва од подмерка 2.15 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 85 денари по несилка во однос на директните плаќања од подмерката 2.15. алинеја 2 од Уредбата.

(14) Корисници на средства од подмерка 2.13. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на подмерка 2.17. од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 300 денари по презимено пчелно семејство во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерката 2.17. алинеја 2 од Уредбата.

Висината на директните плаќања се зголемува за 100 денари по презимено пчелно семејство во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерката 2.17. алинеја 3 од Уредбата.

(15) Корисници на средства подмерка 2.14. од оваа програма се земјоделските стопанства кои се корисници на средства од подмерка 2.18. од Уредбата.

Висината на дополнителните директни плаќања се зголемува за 1.000 денари по пчелно семејство во однос на утврдената висина на директните плаќања од подмерката 2.18. алинеја 2 од Уредбата.

IV

(1) Средствата од Дел I мерка 3 од оваа програма се наменети за директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

(2) Корисници на мерката 3 се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

(3) Мерката 3 се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се оставаат за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина.

(4) Висината на директните плаќања за мерка 3 од Дел I од оваа програма изнесува 3.500 денари по хектар.

V

(1) Средствата од Дел I мерка 4 од оваа програма се наменети за директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно сточарско и растително потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло).

(2) Корисници на мерката 4 се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

(3) Корисници на мерката 4 се и земјоделски стопанства – производители на органско кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози, вклучително и корисници кои произведуваат храна со традиционални карактеристики, и во објекти кои се во започната постапка за евидентирање според традиционални методи на производство, сирење добиено од млеко од овци и кози/мандри.

(4) Висината на директните плаќања за мерка 4 од Дел I од оваа програма изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи, но не повеќе од 150.000 денари по оператор и 30.000 денари по сертифициран органски производ од растително и сточарско производство, за не повеќе од пет сертифицирани органски преработени производи.

VI

(1) Средствата од Дел I мерка 5 од оваа програма се наменети за директни плаќања за трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(2) Корисници на мерката 5 се земјоделски стопанства и/или сертифицирани откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или маркетинг на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

(3 ) Висината на директните плаќања за мерка 5 Дел I од оваа програма изнесува 5% од вредноста на продадените производи, но не повеќе од 150.000 денари по оператор.

VII

(1) Средствата од Дел I мерка 6 од оваа програма се наменети за посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација.

(2) Корисници на мерката 6 се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2024 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерка 6 од Дел I од оваа програма изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2024 година.

VIII

(1) Средствата од Дел I мерка 7 од оваа програма се наменети за посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2023 година.

(2) Корисници на мерката 7 се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2023 година.

(3) Висината на директните плаќања за мерка 7 од Дел I од оваа програма изнесува 80% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 12.000 денари по земјоделско стопанство и/или откупувач.

IX

(1) Корисници на дополнителните директни плаќања на подмерките од Дел II, Дел III и мерката од Дел IV од оваа програма се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и/или сточарско органско производство и/или производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

(2) Дополнителните директни плаќања од Дел I мерки 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа програма ќе се реализираат со поднесување на барање за финансиска поддршка до Агенцијата, согласно Уредбата.

X

Средствата од Дел I мерка 8 од оваа програма се наменети за исплата на заостанати обврски од Програмите за финансиска поддршка на руралниот развој за 2021 година и Програмата за финансиска поддршка на органското земјоделско производство за 2022 и 2023 година.

XI

Крајните рокови за поднесување на барањата за директни плаќања во органското земјоделско производство за 2024 година за мерките 1 и 2 во Дел I, односно подмерките во Дел II и Дел III од оваа програма се наведени во Уредбата за поблиски критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2024 година.

Крајниот рок за мерките од Дел IV, Дел V, Дел VI, Дел VII и Дел VIII од оваа програма е 25 декември 2024 година.

XII

Исплата на средствата од оваа програма по корисници ја врши Агенцијата.

XIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 41 -824/4
16 јануари 2024 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Бојан Маричиќ,** с.р.